РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16, 67/17), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21.07.2017 година, донесе

# УПАТСТВО

## за важечки и неважечки гласачки ливчиња
## (член 115 од Изборниот законик)

***1) ГЛАСАЧКОТО ЛИВЧЕ Е ВАЖЕЧКО АКО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 110 ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК.***

***2) ЗА ВАЖЕЧКО ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ СЕ СМЕТА И ОНА ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ ОД КОЕ НА СИГУРЕН И НЕДВОСМИСЛЕН НАЧИН МОЖЕ ДА СЕ УТВРДИ ЗА КОЈА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ ИЗБИРАЧОТ ГЛАСАЛ.***

***3) ГЛАСАЧКОТО ЛИВЧЕ Е НЕВАЖЕЧКО АКО НЕ Е ПОПОЛНЕТО ИЛИ ИМА ЗАОКРУЖЕНО ПОВЕЌЕ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ ИЛИ КАНДИДАТ.***

Гласачкото ливче е важечко ако **е заокружен** редниот број пред подносителот на листата, односно редниот број пред кандидатот за којшто се определил да гласа.

За важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за која листа на кандидати гласа.

При утврдувањето на тоа што претставува „сигурен и недвосмислен начин" треба да се појде од тоа на кој начин е пополнето гласачкото ливче, односно дека избирачот со заокружување јасно ја изразил волјата дека гласал само за една листа на кандидати или кандидат.

Сигурен и недвосмислен начин на изразување на волјата на избирачите претставува гласачкото ливче на кое избирачот **го заокружил**:

- името и презимето на носителот на листата,
- симболот на подносителот на листата или
- редниот број пред подносителот на листата, името и презимето на носителот на листата и симболот на подносителот на листата заедно, но во рамките на една листа.

Гласачкото ливче е неважечко доколку не е пополнето на начин предвиден со Изборниот законик и ова Упатство, ако е прецртано делумно или целосно, ако се заокружени повеќе листи на кандидати, ако бројот на гласачкото ливче не е соодветен на бројот на гласачкото место каде се гласа, или ако гласачкото ливче нема печат на предната страна и секое друго гласачко ливче на кое вољата на избирачот не е изразен на јасен и недвосмислен начин.

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Со влегувањето во сила на ова ова упатство престанува да важи Упатството, бр. 08-2660/1 од 21.10.2016 година.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

**Број 08 – 1427 / 1**
**25. 07. 2017 год**
**С К О П Ј Е**

*Изработил: Неда Гацова*
*Одобрил: Добре Јанчев*